Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за труд
и социјална политика
Ministria e Punës
dhe Politikës Sociale
Бр. / Nr. 03-5763/3
06.08.2025 год. / viti
Скопје / Shkup

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 03-5763/3
06-08-2025 20 год. / viti

- Сектор за правни, нормативни, општи и заеднички работи -

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/2000, 44/2002, 82/08,167/10, 51/11 и "Службен весник на РСМ" бр.96/19, 110/19, 154/19 и 121/24), а во врска со член 186 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 236/22 и 65/23), министерот за социјална политика, демографија и млади донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за избор на директор на Јавна установа

1. За директор во Јавната Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа – Охрид, се избира Славчо Ристески, сметано од 07.08.2025 година .
2. Мандатот на директорот од точка 1 на ова решение трае четири години од денот на изборот.
3. Решението стапува во сила на ден 07.08.2025 година.

## Образложение

Управниот одбор на Јавната Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа – Охрид, донесе одлука за распишување јавен конкурс за избор на директор. Конкурсот е објавен во дневните весници: „Нова Македонија", "Вечер"и „Lajm" на 24.07.2025 година. По завршувањето на рокот за пријавување кандидати по распишаниот конкурс, Управниот одбор на Јавната Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа – Охрид, до министерот за социјална политика, демографија и млади со писмо заведено во Министерството за социјална политика, демографија и млади под бр. 03-5763/1 од 04.08.2025 година, ги достави документите за кандидатите кои се пријавија по јавниот конкурс.

Министерот за социјална политика, демографија и млади изврши увид во доставената документација на кандидатите по јавниот конкурс и утврди дека на јавниот конкурс се пријавија два кандидати Димче Андрески од Охрид и Славчо Ристески од Охрид, при што Славчо Ристески се избира за директор сметано од 07.08.2025 година .

Согласно на член 186 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), кандидатот Славчо Ристески се избира за директор на Јавната Установа

Меѓуопштински Центар за социјална работа – Охрид, за време од четири години сметано од 07.08.2025 година,

Имајќи го предвид горе изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

Решено во Министерството за социјална политика, демографија и млади на ден 06-08-2025 година под бр. 03-5763/3

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Р. Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Министер,**
**Fatmir Limani**

Изработил: Елена Тасевска, Советник
Контролирал:
Одобрил: Љубица Панова, Раководител на сектор
Согласен: Fatmir Sabriu, Државен секретар